ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Демократска партија на Албанците – ДПА Тетово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година..

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извешти се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
Необезбедена уредна документација за располагање со паричните средства во готово и не е извршен попис на паричните средствата со состојба на 31 декември.
Проценување на одделни билансни позиции содржани во главната книга не се врши согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени/трансакции.

**Издадено мислење/заклучок*:** 🔴
Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
При подигнување на парични средства во готовина и нивно користење да се обезбеди уредна и веродостојна документација за нивната намена, да се врши попис на парични средства и по завршување на постапката поведена пред надлежните органи, да се преземат мерки и активности за соодветно постапување за подигнатите средства. Евидентирањето на деловните промени да се врши согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства, измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор при што оценето дек е дека истите претставуваат известување.

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот на забелешките е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* 🟢 позитивно, 🟡 со резерва, 🔴 неповолно, ⚫ воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018